ГРАД СКОПЈЕ
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 214

Наш број: 09-1484/1
13. 02. 2025
Скопје

Врз основа на член 45 став 1 од Закон за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19,14/20, 215/21, 99/22 и 208/24 ), Секретарот на Град Скопје донесе

## ОДЛУКА

1. За извршител на работното место УПР0101Б02000 Раководител на Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации, се избира кандидатот **Бране Попоски.**
2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за вработување.

## Образложение

На ден 31.12.2024 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“ и на интернет страницата на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас број 435/2024 за вработување на 1 (еден) административен службеник во Град Скопје.

Комисијата за селекција за вработување формирана со Решение на директорот на Агенцијата за администрација бр. 10-195/1 од 10.01.2025 година, ја спроведе постапката за селекција за вработување.

По спроведената постапка за селекција за вработување, Комисијата изготви Конечна ранг-листа и Предлог кандидати за вработување за јавен оглас 435/2024 со којшто му предложи на Секретарот на Град Скопје за работното место УПР0101Б02000 Раководител на Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации, да го избере кандидатот Бране Попоски.

Врз основа на наведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена.

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Избраниот кандидат
- Секторот за управување со човечки ресурси
- Агенцијата за администрација
- Архивата

**Град Скопје**
**Секретар**

**Зоран Глигоров**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MACEDONISË SË VERIUT